📢 **Повик за жени лидери за праведна транзиција**

Доколку сте жена која сака активно да придонесе во процесите на праведна транзиција и одржлив локален развој, ова е можност за Вас.

Во рамки на проектот **Women-Led Coal Transitions (WOLCOT)**, @Center for Research and Policy Making Консалтинг, во партнерство со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и со поддршка на Климатските инвестициски фондови (CIF), објавува **јавен повик за учество во Школата за јавни политики „Мајка Тереза“ – Жени лидери за праведна транзиција**.

Програмата е наменета за жени кои сакаат да ги развијат своите лидерски капацитети, да се вклучат во процесите на креирање јавни политики и да придонесат кон праведна, инклузивна и одржлива енергетска транзиција во своите заедници.

📅 **Рок за пријавување:** 31 август 2026 година.

Повеќе информации и пријавување:
https://shorturl.at/QO7tt

Општина Битола е партнер во процесот на поддршка на праведната транзиција и ги охрабрува локалните граѓански организации и заинтересираните жени да ги искористат овие можности за јакнење на капацитетите и активно учество во локалниот развој.